СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ...

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Петок, 11 јули 1969

БЕЛГРАД

БРОЈ 29 ГОД. XXV

Цена на овој број е 1,50 динари. — Претплата за 1969 година изнесува 60 — дин — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1 Поштенски фах 226 — Телефони: централа 50-931 50-932, 50-933 и 50-934; Служба за претплата 51-732. Продавна служба 51-671.

403.

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со членот 8 став 4 од Законот за надоместоците на личните доходи и трошоците на сојузните пратеници и функционери, Сојузната скупштина, на предлог од Административната комисија на Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1969 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1969 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧНИОТ ДОХОД НА СОЈУЗНИТЕ ПРАТЕНИЦИ

1. Височината на надоместокот на личниот доход на сојузните пратеници не може да биде помала од 2 500 динари месечно.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместок на личниот доход на сојузните пратеници („Службен лист на СФРЈ“, бр 17/69).

3. Оваа одлука влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува од 1 јуни 1969 година

Сојузна скупштина

АС бр 44
1 јули 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Радомир Коматина, с р.

Претседател
на Соборот на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

404.

Врз основа на членот 11 став 1, во врска со чл 184 и 185 од Законот за избор на сојузни пратеници („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/69), донесувам

О Д Л У К А

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ЗА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на пратеник за Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина во Изборната единица 75 — Белград V — Земун.

2. Дополнителните избори ќе се одржат на 16 септември 1969 година

3. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат од 16 јули 1969 година.

02 бр. 2408/1
26 јуни 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

405.

Врз основа на членот 20 точка в) од Основниот закон за премерот и катастарот на земјиштето („Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/65), Сојузниот извршен совет донесува

У Р Е Д Б А

ЗА НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ПРЕМЕРОТ И КАТАСТАРОТ НА ЗЕМЈИШТЕТО

I. Општа одредба

Член 1

Податоците добиени со вршење геодетски работи на премерот и катастарот на земјиштето се чуваат и се даваат на користење на начинот пропишан со оваа уредба и со прописите донесени врз основа на неа.

Ако е начинот на чувањето и на давањето на користење определени геодетски податоци за премерот и катастарот на земјиштето со посебни прописи регулирано поинаку, се применуваат тие прописи.

II. Чување на податоците за премерот и катастарот на земјиштето

Член 2

Сојузниот орган на управата надлежен за геодетските работи ги чува: оригиналните податоци за мерењата и сметањата извршени на астрономско-геодетската мрежа, гравиметриската мрежа, тригонометриската мрежа од 2. ред и на мрежата со нивелман на висока точност; теренските и издавачките оригинали на основната државна карта со размер 1 : 5000 односно 1 : 10000 (архивски оригинали); преписите или копиите на координатите и на податоците за надморските височини и на описите на положбите на точките на тригонометриската мрежа од 3. и 4. ред (тригонометриски образец бр. 5, 25 и 27) — во еден примерок; преписите или копиите на податоците за надморските височини и на описите на положбите на точките на мрежата на прецизниот нивелман, на техничкиот нивелман со зголемена точност и техничкиот нивелман (нивелмански образец бр. 2, 9 и 8) — во еден примерок; репродукциите на картите на тригонометриската мрежа од 2, 3 и 4 ред на цртачка хартија од добар квалитет — во еден примерок; репродукциите на картите на мрежата на прецизниот нивелман, на техничкиот нивелман со зголемена точност и на техничкиот нивелман на цртачка хартија од добар квалитет — во еден примерок; репродукциите на основната државна карта со размер 1 : 5000 односно 1 : 10000 на цртачка хартија од добар квалитет (работен оригинал), на картографска хартија и на провидна хартија (работни копии) — во еден примерок, како и потребен број на овие оригинали и копии заради давање на користење на заинтересираните органи, работни и други организации и граѓани.

Член 3

Ако со републички прописи не е определено поинаку, органите надлежни за геодетските работи во републиката ги чуваат следните податоци за премерот и катастарот на земјиштето, и тоа:

1) републичкиот односно покраинскиот орган надлежен за геодетските работи: оригиналните податоци за мерењата и сметањата извршени на тригонометриската мрежа од 3. и 4. ред и на мрежата на прецизниот нивелман, на техничкиот нивелман со зголемена точност и на техничкиот нивелман; оригиналните податоци за мерењата и сметањата на спојните точки; теренските оригинали на плановите на топографско-катастарскиот премер на земјиштето со размер 1 : 500, 1 : 1000, 1 : 2000, 1 : 2500 и 1 : 5000 (архивски оригинали); негативите на филмови и плочи, дијапозитивите и контакт-копиите на кои е извршено снимање од воздух за потребите на премерот и премерувањето на земјиштето; оригиналните податоци за бонитирањето на земјиштето; преписите или копиите на координатите и на податоците за надморските височини и на описите на положбите на точките на тригонометриската мрежа од 1. и 2. ред (тригонометриски образец бр. 5, 25 и 27) — во еден примерок; преписите или копиите на податоците за надморските височини и на описите на положбите на точките на мрежата на нивелманот, со висока точност (нивелмански образец бр. 2. 9 и 8) — во еден примерок; оригиналните податоци за основата за катастарско класирање и бонитирање на земјиштето; преписите на записниците за разграничувањето на катастарските општини — во еден примерок; репродукциите на картите на тригонометриската мрежа од 4. ред на цртачка хартија од добар квалитет — во еден примерок; репродукциите на картите на мрежата на прецизниот нивелман, на техничкиот нивелман со зголемена точност и на техничкиот нивелман на цртачка хартија од добар квалитет — во еден примерок; репродукциите на основната државна карта со размер 1 : 5000 односно 1 : 10000 на цртачка хартија од добар квалитет (работен оригинал) — во еден примерок; репродукциите на плановите на топографско-катастарскиот премер на земјиштето со размер 1 : 500, 1 : 1000, 1 : 2000, 1 : 2500 и 1 : 5000 на цртачка хартија од најдобар квалитет (работен оригинал), на картографска хартија и на провидна хартија односно на провиден материјал (работна копија) — во еден примерок, како и потребен број на овие оригинали и копии заради давање на користење на заинтересираните органи, работни и други организации и граѓани;

2) општинскиот орган надлежен за геодетските работи: оригиналните податоци за мерењата и сметањата извршени на градската тригонометриска мрежа, на градската нивелманска мрежа, полигонометриската мрежа, на мрежата на четириаглите и на линиската мрежа; оригиналните податоци од снимањата на детали врз основа на кои се изработени теренски оригинали на планови на топографско-катастарскиот премер на земјиштето со размер 1 : 500, 1 : 1000, 1 : 2000, 1 : 2500 и 1 : 5000 и теренски оригинали на основната државна карта со размер 1 : 5000 односно 1 : 10000; оригиналните податоци за општинските угледни земјишта за земјоделски култури и шуми; катастарскиот операт; преписите или копиите на координатите и на податоците за надморските височини и на описите на положбите на точките на тригонометриската мрежа од 1, 2, 3. и 4. ред (тригонометриски образец бр. 25 и 27) — во еден примерок; преписите или копиите на податоците за надморските височини и на описите на положбите на точките на мрежата на нивелманот со висока точност, на прецизниот нивелман, на техничкиот нивелман со зголемена точност и на техничкиот нивелман (нивелмански образец бр. 9 и 8) — во еден примерок; преписите или копиите на координатите и на надморските височини и на описите на положбите на спојните точки (тригонометриски образец бр. 25 и 27) — во еден примерок; репродукциите на картите на тригонометриската мрежа од 4. ред на цртачка хартија од добар квалитет — во еден примерок; репродукциите на картите на мрежата на прецизниот нивелман, на техничкиот нивелман со зголемена точност и на техничкиот нивелман на цртачка хартија од добар квалитет — во еден примерок; репродукциите на основната државна карта со размер 1 : 5000 односно 1 : 10000 на цртачка хартија од добар квалитет (работен оригинал) — во еден примерок; репродукциите на плановите на топографско-катастарскиот премер на земјиштето со размер 1 : 500, 1 : 1000, 1 : 2000, 1 : 2500 и 1 : 5000 на цртачка хартија од најдобар квалитет (работен оригинал), на картографска хартија и на провидна хартија односно на провиден материјал (работна копија) — во еден примерок.

Член 4

Податоците за премерот и катастарот на земјиштето од чл. 2 и 3 на оваа уредба, како и другите податоци за премерот и катастарот на земјиштето кои по кој и да било основ се наоѓаат кај органите надлежни за геодетските работи, се чуваат во просториите на тие органи во состојба средена според нивниот вид, заштитени од оштетување, уништување и снемување, прегледно и точно евидентирани.

Архивските и работните оригинали и копиите на планови и карти, како и другите оригинали на податоци за мерењата, снимањата и сметањата и нивните преписи се чуваат во посебни простории на органите и во посебни ормани, обезбедени од провала, пожар, влага и сл.

Член 5

Органите надлежни за геодетските работи и работните организации од членот 4 став 1 на Основниот закон за премерот и катастарот на земјиштето ќе му ги предаваат на чување на надлежниот орган оригиналите на податоците за премерот и катастарот за земјиштето во рок од шеесет дена од денот на завршувањето на работите.

Оригиналите на податоците за премерувањата на земјиштето ќе му ги предаваат на чување на надлежниот орган во рокот од ставот 1 на овој член и органите и организациите од членот 4 став 2 на Основниот закон за премерот и катастарот на земјиштето, ако тие органи и организации, согласно членот 17 на тој закон, вршат работи на премерувањето на земјиштето наведени во тој член.

III. Користење податоци за премерот и катастарот на земјиштето

Член 6

Податоците добиени со вршење геодетски работи на премерот и катастарот на земјиштето можат да им се даваат на увид на заинтересираните органи, работни и други организации и граѓани (во натамошниот текст: странките), ако увидот во одделни податоци не е ограничен со посебен пропис, и тоа на нивно барање. Увидот во одделни податоци е дозволен само во службените простории на органот надлежен за геодетските работи.

Странка може да врши увид во бараните податоци од ставот 1 на овој член само во присуство на работникот на органот надлежен за геодетските работи кај кого односните податоци се наоѓаат на чување.

Член 7

Органот надлежен за геодетските работи кај кого се наоѓаат на чување податоците за премерот и катастарот на земјиштето должен е на странките, на нивно барање, да им дава на користење репродукции, изводи и преписи односно копии на податоци, ако користењето на тие податоци не е ограничено со посебен пропис.

Странките можат да ги користат добиените податоци од ставот 1 на овој член само за своите потреби и не смеат да ги продаваат ниту да ги даваат на друг на користење.

Податоците за премерот и катастарот на земјиштето се користат, во смисла на ставот 1 од овој член, со надоместок, согласно одредбите од Законот за финансирање од 1966 до 1970 година на геодет-

ските работи од надлежноста на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/67) односно според други прописи на надлежните органи на општествено-политичките заедници.

Член 8

Органот надлежен за геодетските работи води евиденција за давањето на користење на податоците за премерот и катастарот на земјиштето од членот 7 на оваа уредба.

Образците за водење на евиденцијата од ставот 1 на овој член ќе ги пропише директорот на Сојузната геодетска управа.

IV. Казнени одредби

Член 9

Со парична казна до 5 000 динари ќе се казни за прекршок работна организација или друго правно лице ако податоците за премерот, премерувањето и катастарот на земјиштето со кои располага ги продаде или ги даде на други лица на користење (член 7 став 2).

За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во работната организација или во друго правно лице со парична казна до 500 динари.

Член 10

Со парична казна до 3.000 динари ќе се казни за прекршок работна организација или друго правно лице ако податоците за премерот, премерувањето и катастарот на земјиштето не ги предаде на чување во рокот определен во чл. 5 и 12 од оваа уредба.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во работната организација или во друго правно лице со парична казна до 500 динари.

Член 11

Со парична казна до 500 динари ќе се казни за прекршок граѓанин ако направи некое од дејствијата од членот 9 став 1 на оваа уредба.

V. Преодни и завршни одредби

Член 12

Органите и организациите од членот 5 на оваа уредба кај кои на денот на влегувањето во сила на оваа уредба ќе се затечат оригинали на податоците за премерот, премерувањето и катастарот на земјиштето за чие чување се надлежни некои од органите од чл. 2 и 3 на оваа уредба, ќе им ги предадат тие податоци на тие органи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 13

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 115
18 јуни 1969 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

406.

Врз основа на точката 3 од Одлуката за посебниот Основен контен план и посебните обрасци на билансот за осигурителните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/69), сојузниот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО БИЛАНСИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

I. Општи одредби

1. Осигурителните заводи, заводите за реосигурување и нивните деловни здруженија (во понатамошниот текст: осигурителните организации) на начинот предвиден со ова упатство пополнуваат: биланс на состојбата, биланс на успехот на деловните средства, биланс на успехот на средствата на осигурувањето, деловен резултат во текот на годината и заклучен лист на образците коишто, во смисла на точката 2 од Одлуката за посебниот Основен контен план и посебните обрасци на билансот за осигурителните организации, се отпечатени кон таа одлука и се нејзин составен дел.

2. При пополнувањето на образците од точката 1 на ова упатство, во поглед содржината на одделните конта наведени во колоната 2 на тие обрасци, осигурителните организации постапуваат според одредбите на Упатството за содржината на одделните конта во Основниот контен план за осигурителните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/69) и според одредбите на ова упатство.

3. Паричните вредности во сите обрасци од точката 1 на ова упатство се искажуваат во полни износи (динари со пари).

Другите податоци осигурителните организации ги искажуваат во броеви без децимали.

4. Осигурителните организации што во својот состав имаат самостојни организации на здружен труд со својство на правно лице пополнуваат и ѝ ги доставуваат на Службата на општественото книговодство (во понатамошниот текст: Службата), во смисла на чл. 15 и 17 од Законот за книговодството на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/68) податоците од завршните сметки и периодичните пресметки на образците наведени во точката 1 од ова упатство, и тоа посебно: 1) за секоја од тие самостојни организации; 2) за преостанатиот дел на осигурителната организација — ако дел од работењето на осигурителната организација како целина се врши и надвор од самостојните организации на здружен труд со својство на правно лице и 3) за осигурителната организација како целина.

Осигурителните заводи што се занимаваат и со работи на реосигурување и заводите за реосигурување што се занимаваат и со работи на осигурување, покрај податоците од ставот 1 на оваа точка, ги пополнуваат и на Службата ѝ ги доставуваат посебно образците на билансот на состојбата и на билансот на успехот на деловните средства за дејноста на осигурувањето а посебно образците на билансот на состојбата и на билансот на успехот на деловните средства за дејноста на реосигурувањето.

Осигурителните организации што во својот состав имаат самостојни организации на здружен труд без својство на правно лице, покрај податоците од ст. 1 и 2 на оваа точка што на Службата ѝ ги доставуваат за работењето на осигурителната организација како целина, го пополнуваат и ѝ го доставуваат на Службата и за секоја од тие самостојни организации образецот биланс на успехот на деловните средства и образецот деловен резултат во текот на годината, со тоа што во образецот биланс на успехот на деловните средства од посебните податоци да ги искажуваат само посебните податоци под редните броеви 1, 2, 5 и 6, а во образецот деловен резултат во текот на годината — само посебните податоци под ред броеви 19, 20, 23 и 24

5 Во смисла на чл. 15 и 17 од Законот за книговодството на работните организации, осигурителната организација ѝ ги доставува на Службата пополнетите обрасци биланс на состојбата, биланс на успехот на деловните средства, биланс на успехот на средствата на осигурувањето и деловен резултат во текот на годината во по четири примероци, а образецот заклучен лист во еден примерок. Образецот биланс на успехот на деловните средства и образецот деловен резултат во текот на годината за самостојните организации на здружен труд без својство на правно лице, ѝ се доставуваат на Службата во два примероци.

Пополнетите обрасци од ставот 1 на оваа точка осигурителните организации ѝ ги доставуваат на организационата единица на Службата кај која имаат жиро-сметка, и тоа за осигурителната орга-

низација како целина, и за самостојните организации на здружен труд во нејзиниот состав.

Осигурителните организации во составот на здружен завод и здруженият завод ѝ ги доставуваат пополнетите обрасци од ставот 1 на оваа точка непосредно на организационата единица на Службата кај која имаат жиро-сметка.

II. Содржина на одделни позиции во билансот на состојбата

6. Образецот биланс на состојбата се составува врз основа на книговодствените податоци.

7. Во образецот биланс на состојбата под редните броеви 1 до 180 се внесуваат податоци од соодветните конта означени во колоната 2 на тој образец според состојбите искажани на одделни конта на крајот на годината, и тоа на тој начин што во колоните 4 и 5 се внесуваат податоци од завршната сметка на претходната година а во колоните 6 и 7 податоци за текуштата година.

Во колоните 4 и 6 (претколони) се искажуваат поединечни износи од наведените конта, а во колоните 5 и 7 (главни колони) се искажуваат вкупни износи од соодветните категории — групи средства во нето-износи, т. е. по одбивање на исправката на вредноста

Како категории средства што треба да се искажат во колоните 5 и 7 се сметаат следните податоци, и тоа: во активата за средствата на работната заедница под А (I II, III, IV и V), Б и В и за средствата на осигурувањето под I, II, III, IV, V и VI, а во пасивата за средствата на работната заедница под А (I и II), Б и В и за средствата на осигурувањето под I, II, III, IV и V.

8. Во образецот биланс на состојбата се искажуваат долу наведените податоци, и тоа:

— под. ред. бр. 6 до 8 се искажуваат побарувањата во бруто- износ, а под ред. бр. 9 и 10 се искажуваат побарувањата во нето-износ;

— под ред. бр 11 до 21 се искажуваат износите што не се покриени со остварениот доход на текуштата година;

— под ред бр. 22 не се внесуваат податоци;

— под ред. бр 23 се искажува состојбата само кога со остварениот доход не можеле да бидат покриени износите на издатоците од средствата на заедничката потрошувачка што осигурителната организација ги исплатила во смисла на членот 14 став 1 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/68);

— под ред бр 57 се искажуваат износот на непокриената загуба од деловните средства на текуштата година и износот на пренесената загуба од поранешните години, што не можеле да бидат покриени на начинот пропишан со Законот за средствата на работните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/68 24/68 и 48/68);

— под ред бр. 89 се искажуваат побарувањата во бруто-износ;

— под ред бр. 101, 102 и 103 се искажуваат износите на непокриената загуба од средствата на осигурувањето на текуштата година и износот на пренесените загуби од поранешните години, што не можеле да бидат покриени на начинот пропишан со Основниот закон за осигурувањето и осигурителните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 7/67, 17/67, 50/68 и 20/69) и со Законот за условите за основање и работење на осигурителните заводи и заводите за реосигурување („Службен лист на СФРЈ“, бр. 18/67).

9 Ако на крајот на годината се појави долговно салдо на контата што претставуваат конта на пасивата на средствата на работната заедница, тоа салдо се искажува на обрезецот биланс на состојбата под ред бр 10 а ако се појави побарувачко салдо на контата што претставуваат конта на активата на средствата на работната заедница, тоа салдо се искажува под. ред бр 134 на тој образец.

III. Содржина на одделни позиции во билансот на успехот на деловните средства

10. Билансот на успехот на деловните средства се составува врз основа на книговодствените состојби.

11. Во колоната 4 на образецот биланс на успехот на деловните средства се внесуваат податоци од завршната сметка за претходната година а во колоната 5 се внесуваат податоци од соодветните конта назначени во колоната 2 за текуштата година.

12 Во образецот биланс на успехот на деловните средства се искажуваат долу наведените податоци, и тоа:

— под ред бр. 7 се искажува износот на вонредните расходи.
Под овој реден број се искажуваат и отплатите на заемите според членот 117 од Законот за средствата на работните организации, како и казните за прекршоци и престапи и слични издатоци што повремено се јавуваат во осигурителната организација;

— под ред бр 14 се искажуваат и кусоците при инвентарисањето што паѓаат на товар на одговорните лица;

— под ред бр. 15 се искажува износот за кој осигурителната организација примила пресметка од друга осигурителна организација на име учество во доходот остварен со заедничко работење за текуштата година;

— под ред бр. 16 се искажуваат приходите од пресметаните камати на деловните средства по сите основи, вклучувајќи ги и каматите на средствата на сите фондови на работната заедница;

— под ред бр 19 се искажува износот на вонредните приходи.
Под овој реден број се искажуваат и наплатените отпишани побарувања, надоместоците на штета по осигурување на обртните средства, отпис на обврски извршен врз основа на присилно поравнување освен ако со судската одлука за поравнување не е решено поинаку и сл ;

— под ред бр 38 се искажува износот што самостојната организација на здружен труд го издвоила од својот доход за покривање на загубата во деловните средства на другите самостојни организации на здружен труд во составот на истата осигурителна организација, согласно статутот односно договорот врз основа на статутот;

— под ред бр 42 се искажува износот што осигурителната организација го издвојува од доходот за потребите на општествените служби во смисла на членот 12 став 3 од Основниот закон за утврдувањето и распре-

делбата на доходот во работните организации;

— под ред бр 54 осигурителната организација што работи со загуба го искажува износот на доходот под ред. бр. 52 на овој образец, намален за износот на загубата од контото 850;

— под ред. бр. 55 се искажува делот на доходот што ѝ припаѓа на осигурителната организација врз основа на заедничка работа и вложените средстава во заедничка организација во смисла на членот 4 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации.
Ако стечениот доход го вложи во заеднички фондови на заедничка организација во смисла на членот 4 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации, тој доход осигурителната организација во своето книговодство ќе го евидентира преку контата од класата 9, зависно од тоа во кој фонд се вложува доходот;

— под ред бр. 56 заедничката организација, основана во смисла на членот 4 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации, го искажува делот на доходот што им припаѓа на осигурителните организации што ја формирале. Осигурителните организации, под овој реден број го искажуваат износот даден за покривање на загубата на заедничката организација;

— под ред бр. 62 осигурителните организации што не остварале доход го искажуваат износот даден за покривање на загубата на заедничката организација што ја формирале во смисла на членот 4 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации;

— под ред. бр. 63 се искажува кај заедничките организации, формирани во смисла на членот 4 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации, износот примен според пресметката на име покривање на загубата од страна на осигурителните организации што ја формирале заедничката организација;

— под ред бр 67 се искажува износот кој според пресметката го примила самостојната организација на здружен труд од други самостојни организации на здружен труд во составот на истата осигурителна организација за покривање на загубата во деловните средства во текуштата година, согласно статутот односно договорот врз основа на статутот;

— под ред. бр 68 се искажува износот примен за покривање на загубата, и тоа од средствата на заедничките резерви без обврска за враќање, од дотациите и другите средства што не се враќаат;

— под ред. бр. 69 се искажува износот на загубата што е покриена на товар на законските обврски во смисла на членот 17 став 2 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации;

— под ред бр 70 се искажува износот на загубата на текуштата година што е покриен на товар на деловниот фонд според одредбите на членот 77 од Законот за средствата на работните организации и според одредбите на чл. 86 и 93 од Основниот закон за осигурувањето и осигурителните организации;

— под ред бр. 71 се искажува делот од загубата во деловните средства на текуштата година, што не можел да биде покриен според важечките прописи;

— под ред бр 72 и 73 се искажува делот на загубата во средствата на осигурувањето односно реосигурувањето на текуштата година, што не можел да биде покриен според одредбите на чл. 86 и 93 од Основниот закон за осигурувањето и осигурителните организации. Износот на загубата искажан под овие редни броеви се покрива на товар на почетните резерви на осигурувањето односно реосигурувањето според одредбите на членот 11 од Законот за условите за основање и работење на осигурителните заводи и заводите за реосигурување.

13. Во билансот на успехот на деловните средства во делот Посебни податоци, се искажуваат долу наведените податоци и тоа:

— под ред бр. 1 се искажува износот на исплатените лични доходи без придонесите: придонес од личниот доход од работен однос, придонес за образование, придонес за социјално осигурување, придонес за непосредна детска заштита и детски додаток и придонес за запослување, односно долговната страна на контото 250 намалена за износот на побарувачката страна на контото 261;

— под ред бр 2 се искажува износот на исплатените придонеси од личниот доход наведени под ред. бр. 1 (долговна страна на контото 261);

— под ред бр 3 се искажува износот на просечно користените основни средства, кој се изнаоѓа на тој начин што збирот на состојбата на почетокот на секој месец и на крајот на годината (31 декември) групите конта 00,01 и делот од контото 124 кој се однесува на заедничките вложувања во основни средства, намален за збирот на месечните крием на товар на деловсе подели со бројот на месеците плус 1 односно со бројот на состојбите земени во пресметка;

— под ред. бр. 4 се искажува износот на просечно користените обртни средства, кој се изнаоѓа на начинот што од збирот на состојбата на почетокот на секој месец и на крајот на годината (31 декември) на групата конта 90 и 91, поделен со бројот на месеците плус 1 односно со бројот на состојбите земени во пресметка, ќе се одбијат износот на просечно користените основни средства (искажан под ред. бр. 3) и соодветниот износ на основните средства во подготовка (група

конта 03). Добиениот износ треба да се наголеми за просечниот износ на користените средства за обртни цели од резервниот фонд (дел од контата 050 и 051) и од фондот на заедничката потрошувачка (дел од контото 080);

— под ред бр. 5 се искажува податокот за бројот на запослените врз основа на бројната состојба на крајот на секој месец во текот на годината;

— под ред. бр. 6 се искажуваат податоци за просечниот број запослени на тој начин што износот на укалкулираните часови на работа ќе се подели со бројот на часовите на работа по еден работник од редовен работен однос. Бројот на часовите на работа по еден работник се изнаоѓа така што бројот на месеците на работа ќе се помножи со месечниот број на часовите што е предвиден со општиот акт на осигурителната организација.

— под ред. бр. 7 се искажуваат сите издатоци исплатени во текот на годината за стручно образование на кадри (исплати на товар на средствата на заедничката потрошувачка, исплати за овие намени во смисла на членот 14 став 1 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации, како и дел од доходот искажан под ред. бр. 42 од овој образец издвоен за образование во смисла на членот 12 став 3 на тој закон);

— под ред. бр 8 се искажува износот на пресметаната амортизација по стопите пропишани во чл. 3 до 7 од Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66, 40/68, 50/68 и 8/69);

— под ред бр. 9 се искажува износот на непотрошената амортизација со состојбата на 31 декември текуштата година;

— под ред. бр. 10 се искажуваат фактичните трошоци на инвестиционото одржување на основните средства во тековната година, било да се во прашање услуги на други лица или трошоци извршени во сопствена режија Податоци се земаат од соодветните конта зависно од начинот на пресметувањето на тие трошоци;

— под ред бр. 11 и 12 се искажуваат податоците за потрошените средства на заедничката потрошувачка, врз основа на податоците за промените настанати во текот на годината на контото 080, со тоа што под ред. бр. 12 да не се искажува оној дел што веќе е искажан под ред. бр. 7;

— под ред. бр 13 се искажува состојбата на непотрошените средства за станбена изградба формирани по стопа од 4% според важечките прописи, земајќи ги при тоа промените на контата 980 и 080. Во оваа состојба се вклучуваат и средствата што се привремено користени како обртни а до крајот на годината не се вратени;

— под ред. бр. 14 и 15 се искажува делот на деловниот фонд што се користи за обртни средства, односно делот на обртните средства што се користи за инвестиции. Податокот што се искажува под овие редни броеви се утврдува на тој начин што збирот на состојбите на крајот на годината на контата 900, 901, 904, 906, 908, 220 и 221 се намалува за збирот на состојбите од групите конта 00, 01, 03 и контата 170 до 174, 180, дел од контата 120, 121 и 124 (кој се однесува на пласмани од деловниот фонд, на заеднички вложувања односно на купувачи за основни средства) и дел од контото 103 (кој се однесува на обврзници и благајнички записи од деловниот фонд) претходно намален за состојбата на групата конта 02. Ако осигурителната организација има втасани а неплатени отплати по кредитите за основни средства, состојбата на контата 904 и 906 претходно се зголемува за износот на тие отплати (дел од контото 278). Кај периодичните пресметки состојбата на контото 180 се зголемува за евентуалната состојба на контото 850.

Ако збирот на контата на пасивата (со извршените корекции) е поголем од збирот на контата на активата (со извршените корекции) податокот се искажува под ред бр. 14 Ако збирот на контата на активата (со извршените корекции) е поголем од збирот на контата на пасивата (со извршените корекции), податокот се искажува под ред. бр 15;

— под ред бр 16 се искажува соодветниот износ од долговната страна на контото 278, кој се однесува на извршените отплати во тековната година по кредитите за основни средства и трајни обртни средства (конта 904, 905, 906 и 907);

— под ред бр 17 се искажува податок за извршените отплати во тековната година по кредитите за повремени обртни средства (конта 910, 911 и 918);

— под ред. бр. 18 се искажува состојбата на соодветниот дел од контото 278 на 31 декември тековната година, кој се однесува на втасаните а неуплатени ануитети по инвестиционите кредити за основни средства и за трајни обртни средства, евидентирани на контата 904, 905, 906 и 907;

— под ред бр 19 се искажуваат отплатите по инвестиционите кредити за основни средства и за трајни обртни средства што втасуваат во следната година, а кои кредити на 31 декември тековната година се евидентирани на контата 904, 905, 906 и 907.

IV. Содржина на одделни позиции во билансот на успехот на средствата на осигурувањето

14 Билансот на успехот на средствата на осигурувањето се составува за осигурителната организација како целина врз основа на книговодствените состојби

Покрај билансот на успехот на средствата на осигурувањето од ставот 1 на оваа точка, осигурителните заводи составуваат посебно и биланс на успехот на средствата на осигурувањето за осигурување на животот и биланс на успехот на средствата на осигурувањето за други видови осигурување, согласно одредбата на членот 82 став 6 од Основниот закон за осигурувањето и осигурителните органи-

зации. Овие посебни биланси на успехот на средствата на осигурувањето се составуваат врз основа на книговодствените состојби земени од контата наведени во колоната 2 на овој образец, што се однесуваат на осигурувањето на животот односно на другите видови осигурување.

Во билансот на успехот на средствата на осигурувањето не се врши за заводот како целина пребивање на остварениот финансиски резултат во осигурувањето на животот со остварениот финансиски резултат во другите видови осигурување.

Покрај билансот на успехот на средствата на осигурувањето од ставот 1 на оваа точка, заводите за реосигурување составуваат посебно и биланс на успехот на средствата на осигурувањето за работите на реосигурувањето во земјата (активни и пасивни) и билансот на успехот на средствата на осигурувањето за работите на реосигурувањето во странство (активни и пасивни), со тоа што во нив да се искажуваат податоци само под редните броеви 42 до 61 на овој образец

15 Во колоната 4 на образецот биланс на успехот на средствата на осигурувањето се внесуваат податоци од завршната сметка за претходната година, а во колоната 5 се внесуваат податоци од соодветните конта назначени во колоната 2 за тековната година.

Осигурителните заводи не го пополнуваат делот на образецот биланс на успехот на средствата на осигурувањето под ред. бр 42 до ред. бр. 73, а заводите за реосигурување — делот на тој образец под ред бр 1 до ред бр. 41.

16. Во образецот биланс на успехот на средствата на осигурувањето се искажуваат долу наведените податоци и тоа:

— под ред бр. 3 се искажуваат приходите од пресметаните камати на средствата на осигурувањето по сите основи вклучувајќи ги и каматите на средствата на резервите на осигурувањето (средства на математичката резерва, на резервата на сигурноста и на почетната резерва на сигурноста);

— под ред бр 5 се искажуваат приходите што служат за покривање на ликвидираните штети од непознати моторни возила, штети од земјотрес и штети настанати до крајот на 1967 година, како и други приходи на средствата на осигурувањето;

— под ред бр 6 и 7 се искажуваат износите на преносните премии и резервираните штети на почетокот на годината, што на крајот на претходната година се книжени како расходи на соодветните конта од групата 57;

— под ред бр 21 се искажува износот на каматите што осигурителните организации ги плаќаат за обврски по работи на осигурување, соосигурување и реосигурување;

— под ред бр. 22 се искажуваат износите на другите расходи на средствата на осигурувањето според состојбата искажана на контата од колоната 2 на овој образец, намалени за износите на каматите искажани под ред. бр. 21 од овој образец;

— под ред. бр. 24 се искажува износот на преносните премии на крајот на годината по одбивање на уделите што отпаѓаат на соосигурувачите и реосигурувачите согласно договорите за соосигурување и реосигурување;

— под ред бр. 25 се искажува износот на резервираните штети на крајот на годината по одбивање на уделите што отпаѓаат на соосигурувачите и реосигурувачите согласно договорите за соосигурување и реосигурување;

— под ред бр. 38 се искажува износот на доходот и на другите фондови на заводот со кој е покриена загуба од работите на осигурувањето врз основа на членот 86 од Основниот закон за осигурувањето и осигурителните организации, освен износот на резервниот фонд искажан под ред. бр 36 на овој образец;

— под ред бр 39 се искажува износот на почетната резерва на сигурноста на осигурувањето со кој е покриена загубата од работите на осигурувањето врз основа на членот 11 од Законот за условите за основање и работење на осигурителните заводи и заводите за реосигурување;

— под ред бр. 44 се искажуваат приходите од пресметаните камати на средствата на реосигурувањето по сите основи, вклучувајќи ги и каматите на средствата на резервите на реосигурувањето (средства на математичката резерва, на резервата на сигурноста и на почетната резерва на сигурноста);

— под ред бр. 46 и 47 се искажуваат износите на преносните премии и на резервираните штети на реосигурувањето на почетокот на годината, што на крајот на претходната година се книжени како расходи на соодветните конта од групата 57;

— под ред бр 57 се искажува износот на преносните премии на реосигурувањето на крајот на годината кој ги претставува уделите на реосигурувачите во преносните премии на осигурувачите (ретроцесионари) по одбивање на уделите што отпаѓаат на другите реосигурувачи (ретроцесионари) согласно договорите за ретроцесија;

— под ред бр. 58 се искажува износот на резервираните штети на реосигурувањето на крајот на годината кој ги претставува уделите на реосигурувачите во резервираните штети на осигурувачите (ретроцесионари) по одбивање на уделите што отпаѓаат на другите реосигурувачи (ретроцесионари) согласно договорите за ретроцесија;

— под ред бр. 70 се искажува износот на доходот и на другите фондови на заводите за реосигурување со кој е покриена загубата од работи на реосигурувањето врз основа на членот 93 од Основниот закон за осигурувањето и осигурителните организации, освен износот на резервниот фонд искажан под ред бр. 68 на овој образец;

— под ред бр 71 се искажува износот на почетната резерва на сигурноста на реосигурувањето со кој е покриена загубата од работи на реосигурувањето врз основа на членот 11 од Законот за условите за основање и работење на осигурителните заводи и заводите за реосигурување.

V. Содржина на одделни позиции во образецот деловен резултат во текот на годината

17. Образецот деловен резултат во текот на годината се составува врз основа на книговодствената состојба.

18. Во колоната 4 се внесуваат податоци од образецот деловен резултат во текот на годината за истиот период на претходната година, а во колоната 5 се внесуваат податоци од соодветните конта назначени во колоната 2 за текуштата година.

19. Во образецот деловен резултат во текот на годината се искажуваат долу наведените податоци, и тоа:

— под ред. бр. 7, 14, 15, 16 и 19 искажувањето на одделни податоци се врше според објаснението дадено под истите редни броеви за пополнување на образецот биланс на успехот на деловните средства;

— под ред. бр. 37 се искажува целокупниот остаток на доходот, т. е. делот на кој се плаќа камата на фондовите во стопанството во смисла на членот 5 од Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/68 и 50/68) и делот што е издвоен на посебна сметка кај Службата;

— под ред бр. 44, 45, и 46 се искажуваат податоци според објаснението дадено за искажување на одделни позиции на билансот на успехот на деловните средства под ред. бр. 54, 55 и 56.

20. Во образецот деловен резултат во текот на годината во посебните податоци се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 6 се искажуваат орочените деловни средства (конто 171) и ограничените парични средства за инвестиции (конто 030, без авансот за инвестиции и без средствата издвоени за инвестиции на посебна сметка кај Службата);

— под ред. бр. 7 се искажуваат другите парични деловни средства (конта 101, 102, 103 и 104);

— под ред. бр. 8 се искажуваат активните салда на купувачите и добавувачите (конта 120, 121, 220, 221 и 222);

— под ред. бр. 9 се искажуваат средствата внесени во кредитниот фонд на банката, како и средствата за заедничко работење (конта 170 и 172);

— под ред. бр. 10 се искажуваат паричните средства на фондовите (конта 040, 050, 051 и 080);

— под ред. бр. 11 се искажува вредноста на залихите на материјали и ситен инвентар (конта 310, 360 и 369);

— под ред. бр. 15 се искажуваат краткорочните кредити (конта од групата 91, освен контото 918);

— под ред. бр. 16 се искажуваат другите долгорочни и краткорочни извори на деловни средства (конта 902, 908, 909 и 918);

— под ред. бр. 17 се искажуваат пасивните салда на добавувачите и купувачите (конта 120, 121, 220, 221 и 222);

— под ред. бр. 25 се искажува износот кој се добива на тој начин што збирот на состојбите на контото 900 на почетокот на секој месец во пресметковниот период и на крајот на пресметковниот период ќе се подели со бројот на месеците плус 1 односно со бројот на состојбите земени во пресметка;

— под ред. бр. 28 и 29 се искажуваат податоците за потрошените средства на заедничката потрошувачка, врз основа на податоците за промените настанати во текот на пресметковниот период на контото 080.

Објасненијата дадени кон одделни редни броеви на посебните податоци на образецот биланс на успехот на деловните средства важат и за соодветните редни броеви на посебните податоци на образецот деловен резултат во текот на годината, што се дадени во заграда, и тоа: 1 (19); 2 (20); 3 (21); 4 (22); 5 (23); 6 (24); 8 (26); 9 (27); 13 (30); 14—15 (31—32); 16 (33); 17 (34); 18 (35); 19 (36); 20 (37), со тоа што, при искажувањето на посебните податоци на образецот деловен резултат во текот на годината, наместо состојбата на крајот на годината се зема состојбата на крајот на пресметковниот период.

VI. Содржина на одделни позиции во образецот заклучен лист

21. Осигурителните организации го употребуваат образецот заклучен лист пропишан со Законот за книговодството на работните организации.

22. Образецот заклучен лист се составува со состојбата на 30 јуни, 30 септември и 31 декември, и тоа на следниот начин:

1) во образецот заклучен лист се внесуваат по хронолошки ред сите конта од Основниот контен план за осигурителните организации, на кои осигурителната организација во текот на годината вршела книжења во деловните книги;

2) во колоната 8 се внесува збирот на колоните 4 и 6, а во колоната 9 збирот на колоните 5 и 7;

3) во колоните 10 и 11 се внесуваат салдата од сите конта;

